Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-4171/7 од 17.11.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 33-та седница одржана на 17.11.2021 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година, бр.05-3365/1 од 14.09.2021 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 126.817.233,00 денари.

2. Со ребалансот од точка (1) на оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 370.000,00 денари, наменети за:

- зголемување на средствата за исплата на потрошувачка за електрична енергија во износ од 100.000,00 денари;
- зголемување на средствата за исплата на потрошувачка за топлинска енергија во износ од 100.000,00 денари;
- зголемување на средствата за исплата на надоместок за членовите на Советот на Агенцијата во износ од 100.000,00 денари и
- зголемување на средствата за исплата на јубилејни награди во износ од 70.000,00 денари.

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се извршува со измена на следните позиции:

- Групната ставка **414 – Надоместоци на трошоци на работници и граѓани** се намалува за 200.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 11.170.000,00 денари, изнесува 10.970.000,00 денари.
- Позицијата **414900 – Други надоместоци** се намалува за 370.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 1.900.000,00 денари, изнесува 1.530.000,00 денари.
- Позицијата **414800 – Јубилејни награди** се зголемува за 70.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 65.000,00 денари, изнесува 135.000,00 денари и
- Позицијата **414901 – Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата** се зголемува за 100.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 9.205.000,00 денари, изнесува 9.305.000,00 денари.

- Групната ставка **<u>401 – Потрошена енергија</u>** се зголемува за 200.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 2.500.000.000,00 денари, изнесува 2.700.000,00 денари.
- Позицијата **<u>401000 – Потрошена електрична енергија</u>** се зголемува за 100.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 2.100.000,00 денари, изнесува 2.200.000,00 денари и
- Позицијата **<u>401100 – Потрошена топлинска енергија</u>** се зголемува за 100.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 400.000,00 денари, изнесува 500.000,00 денари.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за 2021 година, со цел да се дообезбедат средства наменети за исплата на потрошувачка за електрична енергија, за исплата на потрошувачка за топлинска енергија, за исплата на надоместок за членовите на Советот на Агенцијата и за исплата на јубилејни награди. За да се обезбедат 370.000,00 денари, потребно е да се изврши измена на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година и тоа: Групната ставка 414 - Надоместоци на трошоци на работници и граѓани се намалува за 200.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 11.170.000,00 денари изнесува 10.970.000,00 денари. Позицијата 414900 – Други надоместоци се намалува за 370.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 1.900.000,00 денари изнесува 1.530.000,00 денари. Позицијата 414800 – Јубилејни награди се зголемува за 70.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 65.000,00 денари изнесува 135.000,00 денари и Позицијата 414901 – Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата се зголемува за 100.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 9.205.000,00 денари изнесува 9.305.000,00 денари. Групната ставка 401 - Потрошена енергија се зголемува за 200.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 2.500.000,00 денари изнесува 2.700.000,00 денари. Позицијата 401000 – Потрошена електрична енергија се зголемува за 100.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 2.100.000,00 денари изнесува 2.200.000,00 денари и Позицијата 401100 – Потрошена топлинска енергија се зголемува за 100.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 400.000,00 денари изнесува 500.000,00 денари.

Имено, со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2021 година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат 126.817.233,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-4171/7 од 17.11.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски

услуги на 33-та седница одржана на 17.11.2021 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр. 05-4210/1**

**18.11. 2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директорот;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи-Архивата;